**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# ЈАВЕН ПОВИК

Во согласност со Програмата за волонтирање, а со цел приближување на работата на државната администрација кон младите, а воедно и укажување на можност за стекнување на работно искуство со кое би можеле полесно да конкурираат на пазарот на трудот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство овозможува волонтирање за 6 (шест) заинтерсирани студенти.

Волонтирањето ќе биде во периодот од 15 јуни до 15 септември 2014 година, за студенти кои сеуште немаат дипломирано на Земјоделскиот и Природно математичкиот факултет.

На ангажираните волонтери ќе им биде исплатен надоместок на трошоци за храна и превоз согласно член 10 од Законот за волонтерство („Службен весник на РМ„ број 85/2007 и 161/2008).

По завршување на волонтирањето Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не превзема обврска за вработување на волонтерите.

Заинтересираните кандидати да достават писмо за интерес, кратка биографија и копија од индекс на адреса Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Скопје ул. „Аминта Трети„ број 2 со назнака „за јавен повик за ангажирање волонтери„.

Рокот на пријавување е 5 (пет) дена несметајќи го денот на објавувањето.